РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 04-1823/13
28-03-2023 год.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), и доставените финални ранг листи на интервјуираните кандидати и предлог одлуките за избор на прво рангираните кандидати (бр.04-1823/11 и 04-1823/12 од 27.03.2023 година), а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување (бр.04-1823/4 од 07.03.2023 година), објавен на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенција за администрација објавен на ден 13.03.2023 година, Секретарот на Општина Струмица донесе:

# ОДЛУКА
за избор на кандидати по објавен интерен оглас
за унапредување на административен службеник во Општина Струмица

**I.** За работните места објавени во интерниот оглас за унапредување на административни службеници во Општина Струмица, избрани се следниве кандидати:

1. За работното место под реден број 1 (еден)- Раководител на одделение за буџетска координација, со шифра УПР 0101Б04000 се избира кандидатот **Светлана Пиличева Ѓорѓиева.**
2. За работното место под реден број 2 (два)- Самостоен референт за јавно осветлување, со шифра УПР 0101Г01000 се избира кандидатот **Идрис Идризов.**

**II.** За работното место предвидени се средства во Буџетот на Општина Струмица за 2023 година во ставка 401, подставка 401120.

**III.** Оваа одлука стапува на сила по истекот на рокот за жалба.

## Образложение

На ден 13.03.2023 година на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенција за администрација беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во општинската администрација на Општина Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување со Записник бр. 04-1823/9 и 04-1823/10 од

27.03.2023 година изврши административна селекција по интерен оглас бр.02/2023 и констатира дека за огласените места под реден број од 1 (еден) и 2 (два), уредно се пријавиле по 1(еден) кандидат.

На ден 27.03.2023 година во просториите на општина Струмица со уредно пријавените кандидати се спроведе интервју за што постои и Записник од спроведено интервју (бр.04-1823/11 и 04-1823/12 од 27.03.2023 година) и се изготви финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по оглас бр.02/2023 при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на општина Струмица.

Секретар
на Општина Струмица
Александар Оџаков